ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ И
ЗАШТИТА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКОТО ПОДРАЧЈЕ
**ЈАСЕН**

*Влада на Република Северна Македонија*

*Бр. ____________*
*Скопје,*

***ЈПУЗПП ЈАСЕН***
*11 Октомври 23 а*
*1000 Скопје*
*Тел. (02)3115-016*
*(02)3239-019*
*info@jasen.com.mk*
*www.jasen.com.mk*

STATE MEMBER OF CIC

SCI FIRST FOR HUNTERS

Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"
Бр. 01-688/1
18. 12. 23 год.
СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

# И ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ

# ВО ЈПУЗПП "ЈАСЕН" – СКОПЈЕ

## 2024 година

Декември 2023

ВОВЕД

Корупцијата е глобален проблем со кој се соочуваат сите земји во светот, без оглед на нивниот степен на развиеност заради што постојано се вложуваат напори за подигнување на свеста за корупцијата и за нејзиното влијание врз општеството / граѓаните. За сузбивање на корупцијата како општествено зло, вработените во јавното претпријатие треба да бидат убедени дека злоупотребата во институциите односно незаконитото дејствување не треба да се толерира и да бидат насочени и убедени во принципот на нулта толеранција кон корупцијата.

Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси под корупција се подразбира: "злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг", а под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен однос што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Борбата против корупцијата не е едноставен процес, туку подразбира ангажман на целото општество и иницијативност на сите нивоа. Секој поединец има законска и морална обврска да се бори против корупцијата. Ова не значи само препознавање на корупцијата и воздржување од корупптивни дејствија, туку и пријавување случаи кога постојат сомнежи за корупција.

Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН" – Скопје тргнува од определбата за успешно спречување на корупцијата и последиците од неа, кои влијаат во разградувањето на општествениот систем и на основните општествени вредности, во уривање на демократските институции и попречување на владеењето на правото во злоупотребување на институционалните капацитети во полза на нелегални цели и интереси, што воедно претставува и дел од стратешките Евроатлантски цели и интереси на Република Северна Македонија.

Сметаме дека овој Годишен план за борба против корупцијата ќе ја постигне целта да даде значителен придонес во спречувањето на корупцијата во Република Северна Македонија генерално и дека ќе ја зајакне свеста за штетноста од корупптивното постапување.

ЗА ЈПУЗПП„ ЈАСЕН „ - СКОПЈЕ

Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН" - Скопје е основано согласно Одлуката на Владата на Република Македонија бр. 19-2393/1 од 13.10.2005 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 90 од 25.10.2005 година). Со работата на јавното претпријатие раководи директор, кој се именува од Управниот одбор на јавен

конкурс. Орган на управување е Управниот одбор, додека орган за контрола на материјално - финансиското работење е Надзорниот одбор. Членовите на Управниот и на Надзорниот одбор ги именува Владата на Република Северна Македонија.
Вработените на јавното претпријатие имаат статус на вработени во јавниот сектор и истите се јавни службеници и тоа: административни службеници, даватели на услуги и помошно технички лица.

## МИСИЈА

Мисија, односно основната функција на ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје е

- осигурување на трајно и квалитетно извршување на основната дејност со користење на сопствените расположливи технички и човечки ресурси на принципот на одржлив развој и постојано следење на европските трендови на квалитет на оваа дејност
- Одржување на објектите на ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје во функција на способност со максимално почитување на заштитата на животната средина и јавниот интерес на локалните заедници во кои дејствува претпријатието
- Зајакнување на системот на деловна контрола.

## ВИЗИЈА

Визија претставува достигнување на повисоки цели и стандарди во работењето кон кои ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје треба да се стреми.
Поради тоа потребно е визијата на различни начини да се имплементира во деловното работење, да се интегрира во секојдневните процедури на работа и најважно од сѐ е да се запознаат вработените и корисниците на услуги со истата.
Токму поради ова, визијата на ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје е следнава:

- унапредување и континуирано давање на квалитетни услуги преку развој и постојано унапредување на сопствените технички и човечки ресурси.
- обезбедување на постојано надоградување на стручноста на работата на сите вработени – почитување на принципите на економичност, рационалноист и експедитивност на работењето.

## Надлежности

Основната дејност на претпријатието е заштита на природата и спроведување на економските активности, унапредување и користење на природното богатство во повеќенаменското подрачје.
Покрај приоритетната дејност ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје ги врши и следните дејности:

- Заштита на историски места и градби, како и слични знаменитости за посетитиели;
- Дејности на ботанички и зоолошки градини и природни резервати;
- Лов, траперство и соодветни услужни дејности;
- Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место;
- Одгледување на останати повеќегодишни посеви;
- Одгледување на шуми и останати дејности поврзани со шумарството;
- Искористување на шумите;

- Собирање на шумски плодови и производи, освен дрва;
- Помошни услуги во шумарството;
- Риболов во слатководни води;
- Дејности на советување во врска со работењето и останато управување;
- Слатководна аквакултура;
- Пилење и стружење на дрво;
- Трговија на големо со дрва, градежен материјал и санитарна опрема;
- Трговија на мало во неспецијализирани продавници, претежно со храна, пијалаци и тутун;
- Друга трговија на мало во неспецијализирани продавници;
- Одморалишта и останати објекти за пократок престој;
- Кампови, автокампови и простори за кампирање;
- Друг вид на сместување;
- Ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна;
- Дејности на туристички агенции;
- Дејности на организаторите на патувања (тур операторите);
- Останати резервациски услуги и дејности поврзани со нив;
- Одгледување на жита (освен ориз), мешункасти растенија и маслодајно семе;
- Одгледување на зеленчук, дињи и лубеници, коренест и трупкаст зеленчук;
- Одгледување на маслодајни плодови;
- Одгледување на зачински, ароматични и лековити растенија и на растенија за употреба во фармацијата;
- Одгледување на саден материјал;
- Дејности кои се извршуваат после собираните посеви;
- Дестилирање, прочистување и мешање на алкохолни пијалоци;
- Производство на вино од грозје;
- Одгледување на коњи и останати сродни животни;
- Одгледување на други говеда и биволи;
- Одгледување на свињи;
- Одгледување на живина;
- Одгледување на други животни;
- Дејности на забавни и тематски паркови;
- Останати спортски активности;
- Остнати забавни и рекреативни дејности, неспомнати на друго место.

Правна рамка за извршување на горенаведените дејности се црпат од повеќе подзаконски акти од кои со посебна важност се издвојуваат:

- Закон за јавните претпријатија;
- Закон за животна средина;
- Закон за шумите;
- Закон за рибарство и аквакултура;
- Закон за ветеринарно здравство;
- Закон за јавните набавки;
- Закон за безбедност и здравје при работа;
- Закон за класифицирани информации;
- Закон за обезбедување на лица и имот;
- Закон за административни работници;
- Кодекс за административни работници;
- Закон за вработените во јавниот сектор;
- Закон за работните односи.

## ПРАВНИ ПРОПИСИ ОД ОБЛАСТА НА КОРУПЦИЈАТА

Постојат повеќе закони кои се однесуваат на корупцијата. Најзначајни се: Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Кривичниот законик, Законот за заштита на укажувачи и Законот за лобирање. Во заложбите на меѓународната заедница за борбата против корупцијата се донесени Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата и Цивилната конвенција за спречување на корупција. Република Северна Македонија ги има ратификувано овие меѓународни документи и истите претставуваат дел од домашното законодавство.

## ШТО Е КОРУПЦИЈА

Под корупција во ЈПУЗПП "ЈАСЕН" – Скопје се подразбира:

- Злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

- пасивна корупција е намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

- активна корупција е намерно делување на кое било лице директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

- Корист претставува остварување на секој вид материјална или нематеријална придобивка, погодност или предност за себе или за друг.

- Судир на интереси подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

## АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА – ПОЛИТИКА ЗА ИНТЕГРИТЕТ НА ЈПУЗПП "ЈАСЕН" – СКОПЈЕ

- ЈПУЗПП "ЈАСЕН" – Скопје не толерира коруптивно однесување односно: искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност и положба, за остварување на било каква корист за вработениот или негов близок. Исто така, ЈПУЗПП "ЈАСЕН" – Скопје не толерира каква било друга форма на неетичко и неморално однесување забрането со закон и спротивно на етичкиот кодекс на однесување.

- Директорот и раководителите во претпријатието се одговорни за проценка и отстранување на ризиците кои што придонесуваат за корупција, проневера, крадење, поткуп, судир на интереси, како и користење влијанија и врски со цел добивање повластен третман или било каква друга форма на неетичко и незаконско однесување.
- Вработените во претпријатието потпишуваат изјава со која се обврзуваат да ја почитуваат политиката на интегритет на претпријатието.

- Вработените во ЈПУЗПП "ЈАСЕН" – Скопје се должни да се однесуваат чесно и одговорно и да ги почитуваат пропишаните процедури и рокови за постапување, да бидат лојални, да и бидат лојални на својата организација, да избегнуваат судир на интереси и да се грижат за нејзиниот углед во јавноста без разлика дали се наоѓаат на работното место или не и тоа во секое време.

- Вработените се должни да пријават какво било коруптивно однесување на начин пропишан во процедурите за пријавување на случаи во кои постои сомнеж за корупција и/или друго неетичко однесување.

- Вработените на кои што им бил понуден поткуп или биле поттикнувани на незаконски или неетички дејствија треба, на културен начин, да ја прекинат комуникацијата со лицето кое нуди поткуп и писмено да го известат надлежното лице во претпријатието. При тоа, вработениот треба да ги појасни деталите, вклучително – времето, местото, соговорниците и предметот на разговор.

- Доколку вработениот не постапи согласно пропишаната процедура, против него ќе биде покрената соодветна постапка.
- Пријавување на коруптивно однесување на лица кои што се вработени во ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје е должност на секого. Тоа не е лично прашање, ниту право на избор, туку е дел од службената должност и одговорност.

- Вработените кои биле сведоци или имаат основани сомневања за неетичко или незаконско однесување на вработени во претпријатието мораат во печатена форма, телефонски или преку електронска пошта, да го информираат овластеното лице на претпријатието.

- На вработениот кој што пријавува корупција му се гарантира дека информациите се целосно деверливи.

- По анонимните пријави ќе се постапува само доколку содржат доволно податоци кои што ќе обезбедат утврдување на фактичката состојба.

- Работната група за интегритет редовно ќе одржува состаноци со раководителите и ќе спроведува обуки со цел да се појаснат штетните последици од коруптивното однесување. Истовремено ќе работи и на подигнување на свеста на вработените за системот на интегритет и негово доследно почитување. На овој начин ЈПУЗПП "ЈАСЕН" – Скопје превентивно ќе се бори против корупцијата.

- Коруптивните однесувања се казниви согласно Кривичниот законик, а актите на корупција и неетичко однесување утврдени со антикорупциска

политика, задолжително повлекуваат и покренување на дисциплинска постапка, која што не исклучува и кривична одговорност.

- По добивање на пријава за поткуп, корупција и судир на интереси, работната група за интегритет ќе ги собере сите потребни информации за соодветниот случај и ќе испрати пријава до Државната комисија за спречување на корупција.

- Директорот и раководителите во ЈПУЗПП "ЈАСЕН" – Скопје, врз основа на искрено убедување дека пријавата се темели на вистина, го гарантираат правото на заштита од одмазда и закани кон лицата кои пријавиле неетичко и незаконско однесување.

- Доколку се докаже дека лицето тенденциозно или злонамерно пријавило и/или дало лажен исказ, против него ќе бидат преземени соодветни мерки за одговорност.

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА РАБОТНАТА СРЕДИНА

Со оглед на тоа што условите за работа на вработените влијаат на нивната мотивираност и ефикасност при извршувањето на нивните работни задолженија, ЈПУЗПП "ЈАСЕН" – Скопје континуирано ќе се залага кон натамошно унапредување на условите за работа преку обезбедување на здрава и безбедна работна средина.

Покрај обезбедување на соодветни просторни услови за работа, основна канцелариска и информатичка опрема, ќе се обезбеди и специјална опрема неопходна за извршување на специфичните надлежности на ЈПУЗПП "ЈАСЕН" – Скопје.

Со целосно обезбедување на правата од работен однос, залагање за еднакви можности, елиминирањето на дискриминацијата, притисок и вознемирување од било каков вид на вработените ќе се влијае на намалување и целосно искоренување на коруптивните активности.

## ЦЕЛИ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

Годишниот план за спречување на корупција се фокусира на реализација на четири цели преку кои би се намалила системската осетливост на корупција во рамките на ЈПУЗПП "ЈАСЕН" – Скопје и тоа:

1. Зголемување на транспарентноста и одговорноста на вработените кон граѓаните, како и подобрување на ефикасноста во работењето;
2. Еднаков третман кон странките во добивањето услуги од страна на ЈПУЗПП "ЈАСЕН" – Скопје;
3. Воспоставување на механизми во рамките на ЈПУЗПП "ЈАСЕН" – Скопје кои ја ограничуваат и спречуваат можноста за злоупотреба на службената положба за остварување на лична корист;
4. Воспоставување на механизми за стимулација и поттикнување на вработените во ЈПУЗПП "ЈАСЕН" – Скопје со цел извршување на задачите на подобар и поквалитетен начин.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Годишниот план за спречување на корупција во ЈПУЗПП "ЈАСЕН" – Скопје ќе се имплементира во работењето на претпријатието за период од следните 12 месеци.

Овој Акт за спречување на корупцијата и за проценка на ризик влегува во сила со денот на донесување на Одлуката од Управниот одбор и ќе биде објавен на интернет страницата на ЈПУЗПП "ЈАСЕН" – Скопје.

Скопје, 13.12.2023 година

Директор

м-р Новица Зечевиќ

Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН" СКОПЈЕ